# СЕСТРИТЕ

## Кристин Хана

САКАМ КНИГИ

*За мојата сестра Лора.*
*И за мојот татко Лоренс.*
*И, како и секогаш, за Бенџамин и Такер.*
*Ве сакам.*

*Не ги гледаме нештата какви што се, туку какви што сме ние.*

– АНАИС НИН

*Ако љубовта е одговорот, тогаш дали може да го преформулирате прашањето?*

– ЛИЛИ ТОМЛИН

# ГЛАВА ЕДЕН

Д-р Блум трпеливо го чекаше одговорот.

Меган Донтес се потпре на столот и ги погледна ноктите. Време беше за маникир. Всушност, одамна требаше да го направи. „Се обидувам да не чувствувам многу, Хариет. Го знаеш тоа. Сметам дека тоа ми го отежнува уживањето во животот."

„Затоа доаѓаш овде секоја недела во последниве четири години? Зашто уживаш во животот толку многу?"

„Да бев на твое место, не би го истакнувала тоа. Не кажува многу за твоите психијатриски вештини. Знаеш дека е сосем можно да сум била совршено нормална кога те запознав и дека всушност ти *правиш* да сум луда."

„Повторно користиш хумор како одбрана."

„Те молам, не ласкај ми. Ова не беше смешно."

Хариет не се насмевна. „Речиси никогаш не сум помислила дека си смешна."

„Ете, ми го уништи сонот да станам стендап комичар."

„Ајде да зборуваме за денот кога се разделивте со Клер."

Меган се помести во столот неудобно. Токму кога ѝ требаше паметен одговор, мозокот ѝ се закочи. Знаеше што сака да постигне Хариет, а Хариет знаеше дека таа знае. Ако Меган не одговореше, прашањето едноставно ќе беше поставено повторно. „Разделени. Убав, чист збор. Одвоени. Ми се допаѓа, но таа тема е затворена."

„Интересно е што одржуваш врска со мајка ти, а се оддалечуваш од сестра ти."

„Мама е актерка. Јас сум адвокат. Немаме проблем со измислувањето работи", рамнодушно одговори Меган.

„Што значи тоа?“

„Дали некогаш си прочитала некое од нејзините интервјуа?“

„Не.“

„На сите им кажува дека сме живееле сиромашно, но полно со љубов. Се преправаме дека тоа е вистина.“

„Сте живееле во Бејкерсфилд кога сиромашниот, но полн со љубов живот, завршил, нели?“

Меган молчеше. Хариет ја врати назад кон болната тема како стаорец низ лавиринт.

Хариет продолжи: „Клер имала девет години. Ѝ недостигале неколку заби, ако добро се сеќавам, и мака мачела со математика.“

„Немој“, Меган ги сви прстите околу тенките дрвени рачки на столот.

Хариет ја гледаше продорно. Под густите црни веѓи нејзиниот поглед беше сталожен. Малите тркалезни очила ѝ ги зголемуваа очите. „Не повлекувај се, Мег. Напредуваме.“

„Уште малку ако напредуваме ќе ми треба амбулантно возило. Треба да зборуваме за мојата пракса. Знаеш, затоа дојдов кај тебе. Деновиве во Семејниот суд е како во експрес лонец. Вчера, имав еден безделник татко кој се довезе во ферари и се колнеше дека нема скршен денар. Каков идиот. Не сакаше да плати за школарината на ќерка му. Штета за него што го снимив неговото пристигнување.“

„Зошто ме плаќаш ако не сакаш да зборуваш за коренот на твоите проблеми?“

„Имам предизвици, не проблеми. И нема поента да се душка во минатото. Имав шестнаесет години кога се случуваше сето тоа. Сега имам четириесет и две! Време е да продолжам. Постапив правилно. Не е веќе важно.“

„Тогаш, зошто сѐ уште го сонуваш кошмарот?“

Таа ја чепкаше сребрената ракавица Дејвид Јурман на зглобот. „Имам кошмари и за пајаци што носат очила за сонце *Оукли*. Но, никогаш не прашуваш за тоа. А, и минатата недела сонував дека сум заробена во стаклена соба

со под од сланина. Ги слушав луѓето како плачат, но не можев да го најдам клучот. Сакаш да зборуваме за тој сон?“

„Чувство на изолација. Свесност дека луѓето се вознемирени од твоите постапки или ти недостигаат. Во ред, да зборуваме за тој сон. Кој плачеше?“

„По ѓаволите.“ Меган требаше да го предвиди тоа. На крајот на краиштата, имаше диплома по психологија. Да не споменуваме дека порано ја нарекуваа чудо од дете.

Погледна кон рачниот часовник од платина и злато. „Штета, Хариет. Времето истече. Изгледа ќе мора да ги решаваме моите досадни неврози следната недела.“ Стана и ги измазни ногавиците од темносиниот костим *Армани*. Иако беа беспрекорно мазни.

Хариет полека ги извади очилата.

Меган ги прекрсти рацете во инстинктивен гест на самозаштита. „Ова треба да биде добро.“

„Дали ти се допаѓа твојот живот, Меган?“

Тоа не беше она што го очекуваше. „Што има да не ми се допаѓа? Јас сум најдобриот адвокат за разводи во државата. Живеам...“

„... сама...“

„... во одличен стан над Паблик маркет и возам ново порше.“

„Пријатели?“

„Разговарам со Елизабет секој четврток навечер.“

„Семејство?“

Можеби беше време да си најде нов терапевт. Хариет ги откри сите слаби точки на Меган. „Мајка ми остана кај мене една недела минатата година. Ако имам среќа, ќе дојде повторно токму навреме да ја гледаме колонизацијата на Марс на *Ем-ти-ви*.“

„А Клер?“

„Добро, признавам, сестра ми и јас имаме проблеми. Но ништо сериозно. Само сме премногу зафатени за да се видиме.“ Кога Хариет не прозбори, Меган набрзина ја исполни тишината. „Добро, ме полудува начинот на кој си го

уништува животот. Доволно е паметна за да направи што сака, а сепак останува врзана за тој губитнички камп што го нарекуваат одморалиште.“

„Со нејзиниот татко.“

„Не сакам да разговарам за сестра ми. И *дефинитивно* не сакам да разговарам за нејзиниот татко.“

Хариет потчукна со пенкалото на масата. „Добро, како ти звучи ова: Кога последен пат спиеше со истиот маж двапати?“

„Ти си единствената што мисли дека тоа е нешто *лошо*. Ми се допаѓа разновидноста.“

„Како што ти се допаѓаат помладите мажи, нели? Мажи што немаат желба да се смируваат. Се ослободуваш од нив пред тие да се ослободат од тебе.“

„Повторно ти нагласувам, спиењето со помлади згодни мажи што не сакаат да се смируваат не е лошо. Не сакам куќа со бела ограда во предградијата. Не ме интересира семеен живот, но ми се допаѓа сексот.“

„А осаменоста, дали ти се допаѓа?“

„Не сум осамена“, рече тврдоглаво. „Независна сум. Мажите не сакаат силни жени.“

„Силните мажи сакаат.“

„Тогаш, подобро да почнам да се врткам по теретани наместо по барови.“

„А силните жени се соочуваат со своите стравови. Тие зборуваат за болните избори што ги направиле во животот.“

Меган видно се сепна. „Извини, Хариет, морам да бегам. Се гледаме следната недела.“

Излезе од кабинетот.

Надвор беше прекрасен светол јунски ден, рано лето. На другите места низ земјата луѓето пливаа, правеа скара и организираа излети покрај базени. Овде, во стариот добар Сиетл, луѓето методично ги проверуваа календарите и нервозно негодуваа дека е *јуни, по ѓаволите*.

Само неколкумина туристи шетаа тоа утро; луѓе од надвор од градот, препознатливи по чадорите пикнати под рака.

Меган конечно издиша кога ја преминува прометната улица и стапна на тревникот во паркот покрај водата. Пред неа се издигаше висок тотемски столб. Зад него, десетина галеби летаа по парчиња фрлена храна.

Помина покрај клупа каде што еден маж лежеше згрчен под ќебе од пожолтени весници. Пред неа, длабокиот син залив се протегаше под бледиот хоризонт. Посакуваше да може да најде утеха во тој поглед; често, можеше. Но денеска, мислите ѝ беа заробени од мрежата на едно друго време и друго место.

Ако ги затвореше очите – што никако не се осмелуваше да го направи – ќе се сетеше на сè: вртењето на телефонскиот број, вкочанетиот, очаен разговор со маж што не го познаваше, долгото тивко возење до онаа бедна, проклета малечка населба на север. И најлошото од сè, солзите што ги избриша од зацрвенетите образи на својата помлада сестра кога ѝ рече: *Те оставам, Клер.*

Прстите ѝ се стегнаа околу оградата. Д-р Блум не беше во право. Зборувањето за болните избори на Меган и осамените години што следеа по нив немаше да помогне.

Нејзиното минато не беше збир од спомени што требаше да се обработат; беше како преголем куфер самсонајт со расипано тркало. Меган го научи тоа одамна. Единственото што можеше да го направи беше да го влече зад себе.

*

Секој ноември, моќната река Скајкомиш се прелеваше врз своите калливи брегови. Заканата од поплави беше годишен настан. Во танц стар колку и времето, луѓето што живееја во малите гратчиња долж реката гледаа и чекаа, со подготвени вреќи песок. Нивното сеќавање одеше наназад со генерации. Секој имаше приказна за времето кога водата се кренала до вториот кат на куќата на тој-и-тој... до врвот на вратите во селската сала... до аголот на улиците „Спринг“ и „Азалеја“. Луѓето што живееја на

порамни и побезбедни места ги гледаа вечерните вести и со неверување одмавнуваа со главите, негодувајќи на „лудоста“ на фармерите што живеат на поплавна рамнина.

Кога реката конечно почнуваше да се повлекува, низ градот минуваше колективно олеснување. Обично започнуваше со Емет Малвени, фармацевтот кој страсно го следеше Метеоролошкиот канал на единствениот голем телевизор во Хејден. Тој ќе забележеше некоја ситна информација, нешто што дури и оние „ѕвездени“ метеоролози во Сиетл го пропуштиле. Ќе му ја пренесеше својата проценка на шерифот Дик Паркс, кој ѝ кажуваше на својата секретарка Марта. За помалку време отколку што беше потребно да се вози од едниот до другиот крај на градот, веста се ширеше: *Оваа година ќе биде во ред. Опасноста помина.* И навистина, дваесет и четири часа по предвидувањето на Емет, метеоролозите се согласуваа.

И оваа година не беше исклучок, но сега, на овој прекрасен ден од раното лето, лесно беше да се заборават тие опасни месеци кога дождовите ги полудуваа сите.

Клер Кавено стоеше на брегот на реката, со работните чизми речиси до глуждови заглавени во меката кафена кал. До неа лежеше празна косилка за трева без гориво.

Се насмевна и со ракавица го избриша испотеното чело. Обемот на работа што беше потребен за да се подготви одморалиштето за летото беше неверојатен.

*Одморалиште.*

Така татко ѝ ги нарекуваше овие шеснаесет акри земја. Сем Кавено ја пронашол парцелата пред речиси четириесет години, кога Хејден не бил ништо повеќе од бензинска станица на патот кон Стивенс Пас. Ја купил земјата за ситни пари и се вселил во распаднатата фарма на неа. Местото го нарекол „Риверс еџ ризорт“ и почнал да сонува за живот без шлемови, чепчиња за уши и ноќни смени во фабриката за хартија во Еверет.

На почетокот работел навечер и за време на викендите. Започнал само со моторна пила, пикап-камион и план нацртан на салфетка од коктел. Го средил земјиштето, ја расчистил стогодишната вегетација и ја изградил секоја

дрвена колиба покрај реката со свои раце. Одморалиштето стана успешен семеен бизнис. Имаше вкупно осум колиби, секоја со две убави мали спални соби, една бања и тераса со поглед кон реката.

Во последните неколку години додадоа и базен и соба за игри. Во план беа терен за мини-голф и перална. Тоа беше место каде што истите семејства се враќаа година по година за да го поминат својот драгоцен одмор.

Клер сè уште се сеќава на првиот пат кога го виде местото. Високите дрвја и сребрената река што брзаше му изгледаа како рај на девојчето израснато во приколка што секогаш застануваше на сиромашната страна на градот. Детските спомени пред доаѓањето во одморалиштето ѝ беа сиви: грди градови што доаѓаа и си одеа, уште погрди станови во запуштени згради. И мама. Секогаш во бегство од нешто. Мајка ѝ се мажеше повеќепати, но Клер не можеше да се сети на маж што траел подолго од еден литар млеко во фрижидер. Но ја паметеше Меган. Постарата сестра што се грижеше за сè... а која потоа еден ден си замина и ја остави Клер.

Сега, по сите овие години, нивните животи беа поврзани со најтенка нишка. Еднаш на неколку месеци, таа и Мег разговараа по телефон. Во особено лоши денови, не знаеја за што да зборуваат и зборуваа за времето. Потоа Мег неизбежно „добиваше друг повик“ и исклучуваше. Нејзината сестра обожаваше да нагласува колку е успешна. Меган можеше десет минути да зборува за тоа како Клер си го потценила животот. „Живееш во тој глупав мал камп, чистиш по луѓе“, беше вообичаената формулација. Секој Божик нудеше да ѝ плати студирање на факултет.

Божем студирањето на *Беовулф* ќе ѝ го подобреше животот на Клер.

Со години, Клер копнееше да бидат пријателки, не само сестри, но Меган не го сакаше тоа, а Меган секогаш го добиваше своето. Тие беа тоа што Меган сакаше да бидат: учтиви туѓинки што делат крвна група и лошо детство.

Клер се наведна по косилката. Додека ја влечеше по порозната земја, забележа десетина работи што требаше

да се направат пред денот на отворањето. Розите што требаше да се поткастрат, мовта што требаше да се изгребе од покривите, мувлата што требаше да се избели од оградите на тремовите. И косењето. Долгата влажна зима се претвори во изненадувачки светла пролет, а тревата порасна до колената на Клер. Си рече да му каже на Џорџ, нивниот мајстор, да ги исчисти кануата и кајаците попладнево.

Ја фрли косилката во задниот дел од пикапот. Удри со метален тресок што го затресе ‘рѓосаниот товарен дел.

„Еј, душо. Одиш во град?“

Се сврти и го виде татко ѝ како стои на тремот од административната зграда. Носеше фланелна блуза и искинат комбинезон, извалкан со кафена дамка на предниот дел од некоја одамна заборавена промена на масло.

Извади црвена марама од џебот и го избриша челото одејќи кон неа. „Инаку, го поправам замрзнувачот. Немој да гледаш нови.“

Немаше апарат што не можеше да го поправи, но Клер сепак ќе провереше како се движат цените на новите замрзнувачи. „Ти треба нешто од град?“

„Смити има дел за мене. Можеш ли да го земеш?“

„Секако. И кажи му на Џорџ да почне со кануата кога ќе дојде, важи?“

„Ќе го ставам на списокот.“

„И кажи ѝ на Рита да го избели таванот во бањата во колибата број шест. Мувлосал зимава.“ Го затвори задниот дел од пикапот.

„Ќе дојдеш на вечера?“

„Не вечерва. Али има натпревар по тибол во Риверфронт парк, заборави? Во пет часот.“

„А, да. Ќе бидам таму.“

Клер кимна, знаејќи дека ќе биде. Не пропуштил ниту еден настан во животот на својата внука. „Чао, тато.“

Ја сврти кваката на вратата од камионот и силно повлече. Вратата зачкрипи и се отвори. Го фати црниот волан и седна на седиштето.

Татко ѝ силно ја затвори вратата. „Вози внимателно. Внимавај на свијокот кај седмиот обележувач.“

Се насмевна. Истиот совет ѝ го даваше речиси две децении. „Те сакам, тато.“

„И јас те сакам. Ајде, оди земи ја мојата внука. Ако побрзаш, ќе имаме време да го гледаме Сунѓерот Боб пред натпреварот.“

# ГЛАВА ДВА

Западната страна на канцелариската зграда гледаше кон заливот Пјуџет. Прекрасниот поглед во сини нијанси беше врамен од ѕид од прозорци кои се протегаа од под до плафон. Во далечината се издигаше пошуменото возвишение на островот Бејнбриџ. Ноќе се гледаа неколку светла во целата црнозелена темнина; дење, пак, островот изгледаше ненаселен. Само белиот ферибот, што влегуваше во пристаништето секој час, покажуваше дека таму живеат луѓе.

Меган седеше сама на долгата конференциска маса во форма на бубрег. Сјајната површина од црешово и абоносово дрво зрачеше со елеганција и пари. Можеби најмногу со пари. Маса како оваа сигурно била изработена по нарачка и индивидуално дизајнирана; истото можеше да се каже и за столовите од велур. Кога некој ќе седнеше на оваа маса и ќе го погледнеше тој поглед, пораката беше јасна: оној што ја поседува оваа канцеларија е безобразно успешен.

Тоа беше вистина. Меган ја постигна секоја цел што си ја постави. Кога почна да студира како исплашена, осамена тинејџерка, се осмели да сонува за подобар живот. Сега го имаше. Нејзината пракса беше меѓу најуспешните и најпочитуваните во градот. Поседуваше скап стан во центарот на Сиетл (далеку од распаднатата приколка што ѝ беше „дом“ во детството) и никој не зависеше од неа.

Погледна на часовникот. 16:20.

Нејзината клиентка доцнеше.

Човек би помислил дека наплатувањето далеку над триста долари на час ќе ги поттикне луѓето да бидат точни.

„Госпоѓице Донтес?" се слушна глас преку интерфонот.

„Да, Рона?"

„Вашата сестра, Клер, е на линија еден."

„Поврзи ја. И јави ми веднаш кога ќе пристигне Меј Монро."

„Разбирам."

Го притисна копчето на слушалката и принуди насмевка во гласот. „Клер, ми е мило што те слушам."

„Телефонот работи во двата правци, знаеш. Па, како е животот во Земјата на парите?"

„Добар. А во Хејден? Сите сè уште седат и чекаат реката да поплави?"

„Таа опасност помина за оваа година."

„Ох." Меган гледаше низ прозорецот. Подолу и лево, огромни портокалови кранови товареа шарени контејнери на танкер. Немаше поим што да ѝ каже на сестра си. Имаа заедничко минато, но тоа беше приближно сè. „Па, како е мојата убава внука? Ѝ се допадна скејтбордот?"

„Го обожава." Клер се насмеа. „Но, навистина, Мег, еден ден ќе мора да побараш помош од продавач. Петгодишни девојчиња генерално немаат координација за скејтборд."

„Ти имаше. Живеевме во Нидлс таа година. Истата година кога те научив да возиш велосипед со две тркала." Мег веднаш посака да не го кажеше тоа. Секогаш болеше кога се сеќаваше на нивното заедничко минато. Долги години Клер повеќе ѝ беше ќерка на Меган отколку сестра. Сигурно, Меган ѝ беше повеќе мајка на Клер отколку што мајка ѝ некогаш била.

„Следниот пат купи ѝ некој Дизни филм. Не мораш да трошиш толку пари на неа. Таа е среќна и со ‘Поли покет’."

Што и да беше тоа. На линијата настана непријатна тишина. Меган погледна во часовникот, па двете прозборија во исто време.

„Што ќе...?“

„Дали Али е возбудена за прво одделение...?“

Меган ги стисна усните. Ѝ требаше челична волја да не зборува, но знаеше дека Клер мрази да ја прекинуваат. Особено мразеше кога Меган го монополизираше разговорот.

„Да“, рече Клер. „Али одвај чека да оди во целодневно училиште. Градинката уште не завршила, а таа веќе се радува на есента. Постојано зборува за тоа. Понекогаш се чувствувам како да се држам за опашка на комета. И никогаш не престанува да се движи, дури ни во сон.“

Меган сакаше да каже: *И ти беше таква*, но не рече. Болеше да се сети на тоа; посакуваше да може да го избрише споменот.

„Па, како оди работата?“

„Добро. А кампот?“

„Одморалиште. Отвораме за нешто повеќе од две недели. Џеферсонови прават семеен собир овде за околу дваесет луѓе.“

„Една недела без телефон и телевизија? Зошто ми дојде музиката од *Деливеренс* во главата?“

„Некои семејства сакаат да бидат заедно“, рече Клер со остар глас кој велеше *ме повреди.*

„Извини. Во право си. Знам дека го сакаш местото. Еј“, рече, како штотуку да ѝ текна, „зошто не позајмиш малку пари од мене и не изградиш еден убав мал спа-центар на имотот? Или уште подобро, мал хотел. Луѓето би се собирале таму за добар третман за тело. Бог знае дека кал имаш доволно.“

Клер тешко воздивна. „Значи мораш да ме потсетуваш дека ти си успешна, а јас не сум. По ѓаволите, Мег.“

„Не го мислев тоа. Само... знам дека не можеш да прошириш бизнис без капитал.“

„Не ги сакам твоите пари, Мег. *Ние* не ги сакаме твоите пари.“

Ете го потсетникот дека Мег беше „јас“, а Клер „ние“. „Жал ми е ако кажав нешто погрешно. Само сакам да помогнам.“

„Не сум повеќе малото девојче на кое му треба заштита од големата сестра, Мег.“

„Сем секогаш вршеше добра работа во тоа.“ Меган почувствува мала искра на горчина во својот глас.

„Да.“ Клер паузира, силно вдиша. Меган знаеше што прави нејзината сестра. Се прегрупира, се качува на помеко, побезбедно тло. „Одам на езерото Челан“, рече конечно.

„Годишното патување со пријателките“, рече Меган, благодарна за промената на темата. „Како се нарекувате? Блузерки?“

„Да.“

„Сите одите пак на истото место?“

„Секое лето од средно училиште наваму.“

Меган се запраша како би било да имаш сестринство од толку блиски пријателки. Да беше друг тип жена, можеби ќе завидуваше. Вака, немаше време да трча наоколу со куп жени. И не можеше да замисли сè уште да биде пријателка со луѓе од средно. „Па, убаво да си поминете.“

„Ох, да, ќе се забавуваме. Оваа година, Шарлот...“

Интерфонот забрмчи. „Меган? Госпоѓа Монро е тука.“

Фала му на Бога. Изговор за да исклучи. Клер можеше до утре да зборува за своите пријателки. „По ѓаволите. Извини, Клер, морам да одам.“

„Ох, да. Знам колку сакаш да слушаш за моите пријателки што не завршиле факултет.“

„Не е тоа. Штотуку ми пристигна клиентката.“

„Да, секако. Чао.“

„Чао.“ Меган ја прекина врската токму кога нејзината секретарка ја воведе Меј Монро во конференциската сала.

Меган ја тргна слушалката и ја фрли на масата, каде што падна со тресок. „Здраво, Меј“, рече, одејќи брзо кон клиентката. „Благодарам, Рона. Без повици, молам.“

Секретарката кимна и излезе од просторијата, затворајќи ја вратата зад себе.

Меј Монро застана пред големата шарена маслена слика, оригинал од Нечита, со наслов *Вистинска љубов*. Меган отсекогаш ја сакала иронијата на насловот; овде, во оваа просторија, вистинската љубов умираше секој ден во неделата.

Меј беше облечена во практичен црн фустан од трико и црни чевли што беа најмалку пет години излезени од мода. Нејзината шампањско-руса коса ѝ паѓаше меко до рамената, обликувана во добро познатиот боб лесен за одржување. Венчалниот прстен ѝ беше обична златна алка.

Гледајќи ја, никој не би помислил дека нејзиниот сопруг вози црн мерцедес и секој вторник има редовен термин за голф на теренот Бродмур. Меј веројатно не потрошила пари на себе со години. Не откако робувала во локален ресторан за да го издржува сопругот додека тој студирал стоматолошки факултет. Иако беше само неколку години постара од Меган, тагата оставила траги на Меј. Имаше темни сенки под очите.

„Повели, Меј, седни."

Меј тргна напред како марионета што некој друг ја помрднал. Седна во еден од удобните црни велурски столови.

Меган го заседе своето вообичаено место на чело на масата. Пред неа беа раширени неколку папки со светлорозови лепливи белешки по рабовите на документите. Меган тапкаше со врвовите на прстите по купот хартија, размислувајќи кој од нејзините многубројни пристапи ќе биде најдобар. Со годините научи дека има онолку реакции на лоши вести колку што има и неверства. Инстинктот ѝ велеше дека Меј Монро е кревка, дека иако бракот ѝ беше пред распаѓање, сè уште не го прифатила неизбежното. Иако документите за развод беа поднесени пред месеци, Меј сè уште не веруваше дека сопругот ќе оди докрај.

По овој состанок, ќе повеуваше.

Меган ја погледна. „Како што ти кажав на последната средба, Меј, ангажирав приватен истражител да ги провери финансиските работи на твојот сопруг."